РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1562/2

28-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 57-мата седница одржана на 17.12.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2480/3 од 06.08.2020 година, со содржано барање за преиспитување на Одлуката на ДКСК со број 12-2480/1 од 16.07.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност за постапување во предметниот случај поради тоа што пријавата содржи барање за преиспитување на Одлука на ДКСК (број 12-2480/1 од 16.07.2020 година) донесена врз основа на утврдена фактичка состојба по извршен увид во пријава со број 12-3863/1 од 13.08.2019 година и во документација приложена кон пријавата.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител – /// од /// на ден 06.08.2020 година поднесена е пријава со барање за преиспитување на Одлуката на ДКСК со број 12-2480/1 од 16.07.2020 година.

Во пријавата подносителот наведува дека со донесување на посочената одлука членот–известител на ДКСК кон подносителот на пријавата направил тероризирање и солидаризирање со прекршителите на законот односно со овластените службени лица кои постапувале по конкретното барање во управните органи, како што е наведено во предметната пријава со број 12-3863/1 од 13.08.2019 година.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за пријава којашто содржи барање за преиспитување на Одлука на ДКСК, за што ДКСК нема надлежност за постапување. Согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија одлуките во вршењето на работите од својата надлежност ги носи на седница со која претседава претседателот на Државната комисија, со мнозинство гласови од вкупниот состав на Државната комисија.

Одлуките на Државната комисија мора да содржат образложение и се објавуваат на нејзината веб страница во рок од пет дена од денот на нивното донесување.

Со одредбите на истиот Закон не е пропишана надлежност на Државната комисија за преиспитување на донесените одлуки, односно не е пропишано користење на правни лекови против донесените одлуки на Државната комисија во постапување врз основа на добиена пријава согласно член 23 од Законот.

Во конкретниот случај, ДКСК при утврдување на фактичката состојба врз чија основа ја има донесено Одлуката со број 12-2480/1 од 16.07.2020 година ги има земено предвид наводите од предметната пријава и содржината на целокупната придружна документација, вклучително и тоа дека од страна на подносителот на пријавата биле покренати постапки со тужби пред Управниот суд на Република Македонија. Истовремено, ДКСК го има земено предвид и изнесеното во тужбата доставена до Управниот суд од страна на Државното правобранителство на Република Македонија како и жалбите поднесени од овој орган и од подносителот на пријавата против Пресудата на Управниот суд /// и ///, по кои постапувал и Вишиот Управен суд при што пресудата ја потврдил а жалбите ги одбил како неосновани.

Во образложението на донесената одлука ДКСК има констатирано дека во конкретниот случај се работело за постапка која добила завршница пред надлежен суд – Пресуда на Вишиот Управен суд за чие преиспитување ДКСК нема законска надлежност.

Имајќи го предвид констатираното, ДКСК оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај. Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup